Жиро с-ка 200004347203111
Стопанска Банка АД Скопје
ЕДБ 4057026580184

mediahubmk@gmail.com Ул. Нерешка бр.25 Карпош Скопје, Република Северна Македонија

Политики на Здржение на граѓани за иновативни содржини Медиа Хаб, Скопје издавач на Колегиум.мк

Наслов: Стандарди на етичко новинарство

Одговорен менаџер: Претседател на здружението Медиа Хаб  и главен и одговорен уредник во Колегиум.мк

Слободата на медиумите е неприкосновено право. Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Северна Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни. Независната проверка на фактите е обврска на секој новинар во редакцијата и на уредничкиот тим.

1. Стандарди на етичко новинарство

Етичко однесување Новинарите и медиумските работници и соработници на Колегиум.мк ги почитуваат највисоките етички стандарди во целото свое однесување. Тие посветуваат посебно внимание на избегнување на каков било конфликт на интереси, или појава на таков, во нивните односи со поединци, групи, политички или комерцијални интереси.

Вработените и соработниците на Колегиум.мк на ниту еден начин нема да ја злоупотребат својата позиција како јавни личности или добрата репутација на здружението Медиа Хаб, Скопје за промовирање на личен интерес или корист.

Доколку новинарите на Колегиум.мк сакаат да користат содржини од други медиуми за да ги збогатат содржините на медиумот, тие треба да побараат дозвола од носителот на авторските права и јасно да го наведат конкретниот извор.

Ниту еден материјал не треба да изгледа како да е произведен од Колегиум.мк доколку е преземен од друг извор. Секогаш кога е можно, се препорачува прикачување линкови до оригиналниот извор, или наведување на основна информација кој е изворот на содржината.

Новинарите има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарите на Колегиум.мк објавуваат точни, проверени информации. Точноста на информацијата ќе се проверува од најмалку два извора. Ако новинарите се спречени да дојдат до бараната информација имаат право за тоа да ја информираат јавноста.

2.Професионална независност
Новинарсските содржини на веб страницата Колегиум.мк се сигурни, точни, објективни и сеопфатни и напишани во согласност со највисоките професионални новинарски стандарди.
Новинарите во Колегиум.мк ќе го одбијат секој притисок од претставници на кои било влади или кој било друг надворешен субјект кој се обидува да го обликува, измени или насочи новинарството на медиумот. Кога ќе се соочат со такво барање, тие треба да се консултираат со главниот уредник како и со правниот советник.

3. Прекршувања и дисциплински мерки
Новинарските стандарди утврдуваат насоки до кои се очекува да се придржуваат сите вработени и хонорарни соработници во редакцијата на Колегиум.мк. Прекршувањето на принципите утврдени во насоките може да резултира со дисциплинска постапка, вклучувајќи и прекин на работниот однос.

4.Точност
Новинарските кадри и соработниците на Колегиум.мк треба да направат сè што е во нивна моќ за да осигураат дека сите емитувања и публикации (без оглед на медиумот) се фактографски точни и проверливи. Новинарите и аналитичарите на Колегиум.мк нема да објавуваат материјали засновани на гласини или непотврдени информации.

5. Вештачка Интелегенција: Употреба на генеративна вештачка интелигенција
Иако генеративната Вештачка Интелегенција се покажува како многу ефикасна, степенот до кој таа може корисно да се интегрира во уредничките операции на Колегиум.мк останува несигурен. Ние не ја користиме генеративната ВИ за пишување содржини кои ќе се појават во нашите објавени извештаи, анализи и истражувања.

Не користиме генеративна ВИ за пишување каква било содржина што ќе се појави во нашите објавени или емитувани извештаи. Ова ги опфаќа сите форми на текст, вклучувајќи наслови, поднаслови, објави на социјалните мрежи итн. Генеративната ВИ ја користиме само за истражување, бура на идеи (brainstorming), наоѓање инспирација или за поедноставување на планирањето на задачите.
Притоа новинарите на Колегиум.мк прават и проверка на фактите (fact-checking), што е од суштинско значење. Генеративната ВИ е точна само колку што се точни изворите од кои црпи информации.

6. Анонимност во новинарска содржина
За секоја употреба на информации од анонимни извори пред објавувањето или емитувањето на новинарска содржина се информира главниот или заменик уредникот на Колегиум.мк кој ќе донесе конечна одлука дали изворот е доверлив, дали е во позиција навистина да ја знае инволвираната информација и колкава дистанца Колегум.мк ќе постави меѓу себе и изворот при презентирање на информацијата пред јавноста. Анонимност им се доделува само на оние извори на вести чиј идентитет мора да се заштити поради јасна опасност од одмазда и чии информации не се само од голема важност, туку се недостапни. Исклучок од барањето да постои јасна опасност за изворот се брифинзите (background briefings) кои редовно им се даваат на новинарите од страна на владини претставници под услов на анонимност, но чиј идентитет им е познат на новинарите.

При цитирање извор кој инсистира на анонимност, ги применуваме истите стандарди за известување што ги користиме со именуваните извори. Се проверува врз кои факти изворот ги заснова своите информации. Кога анонимните извори пренесуваат компромитирачки лични искуства го штитиме нивниот идентитет со тоа што ги нарекуваме со „тој" или „таа" или, на пример, „младиот зависник" или „адолесцентот", или на други соодветни начини. Публиката треба да биде свесна дека го криеме идентитетот на поединецот и зошто го правиме тоа.

7. Атрибуција (Наведување на изворот на информацијата)
Ние јасно ги идентификуваме изворите на информациите во нашите извештаи. Ги идентификуваме поединците кои се извор на информации со име и презиме, и при првото споменување даваме јасен показател за тоа како изворите се во позиција да ја знаат информацијата што ја даваат. Доколку се поврзани со одредена институција, граѓанско здружение, владино министерство итн., ја забележуваме нивната поврзаност и даваме генерален опис на нивната улога.
Кога цитираме информации пренесени од новинска агенција, информациите и ги припишуваме на агенцијата по име при првото споменување во нашиот извештај или, алтернативно, го вклучуваме името на агенцијата во листата на извори на дното на нашиот извештај.

8. Коментари од публиката
Колегиум.мк и овозможува на публиката да остава коментари како одговор на емитуваните програми, веб-артиклите и објавите на социјалните мрежи. Како општо правило, Колегиум.мк не ја менува содржината на коментарите што ги добива. Не емитуваме и не објавуваме коментар доколку тој ги прекршува нашите уреднички стандарди кои забрануваат верски, етнички, социо-економски или културни навреди, понижувачки сексуални забелешки или други форми на говор на омраза. Не емитуваме и не објавуваме поединечни коментари кои содржат лажни информации или кои се клеветнички.
При изборот на коментари за емитување или објавување, се стремиме да презентираме што е можно поширок спектар на мислења. Може да одбиеме да користиме коментари кои се повторуваат или се нефокусирани, или поради ограничувања на просторот. Не наметнуваме баланс во делот за коментари со тоа што самите би пишувале коментари или со поместување на некои коментари повисоко на ранг-листата за да добијат поголема видливост. Доколку коментарите престанат да бидат конструктивни или станат целосно еднострани, вклучително и преку интервенција на тролови, делот за коментари може да биде затворен.

7. Баланс
Колегиум.мк се стреми да биде балансиран во своето известување преку информирање на публиката за позициите на сите страни во конфликтот. Тоа и овозможува на нашата публика да дојде до сопствени информирани заклучоци во врска со настаните и да донесе сопствени одлуки за тоа како да реагира. Се обидуваме да стапиме во контакт со сите страни за коментар, вклучително и со највисоки функционери. Доколку официјалните лица одбијат да зборуваат со нас, во нашето известување ги споменуваме имињата на оние со кои се обидовме да стапиме во контакт и нивното одбивање. Балансот не значи неутралност во однос на вистината. Кога една страна во дебатата ги погрешно ги претставува фактите, чесното новинарство бара да се укаже на невистината и да се наведе она што е фактички точно.

Ги цитираме изјавите на официјалните лица и другите креатори на вести со цел точно да ги претставиме нивните позиции, но исто така ги идентификуваме дезинформациите и ги наведуваме фактите што ги демантираат. Доколку говорниците заговараат политики кои би можеле да имаат опасни или штетни последици, ние укажуваме на тоа какви би можеле да бидат тие последици.
Посебно внимание посветуваме на соопштенијата за медиумите издадени од владата. Ние не ги пренесуваме едноставно дословно до нашата публика без самите да ја провериме точноста на тврдењата. Доколку содржат неточности или полувистини, тоа го кажуваме во нашето известување за тие изјави. Во секое време одржуваме фактички однос со вистината.
Балансот не значи создавање лажни паралели со кои секоја позиција заслужува и добива еднакво време. Кога фактичките докази јасно поддржуваат една страна повеќе од друга, ние не создаваме лажен баланс меѓу нив.

8. Колумни
Користењето на коментари помага да се осигура дека публиката на Колегиум.мк има пристап до различни ставови.  Колумните ќе бидат напишани од надворешни соработници, чии имиња и релевантна поврзаност со институции или групи се јасно идентификувани.
Колегиум.мк не објавува официјални колумни (едиторијали) напишани од претставници на политички партии.
Колумните заземаат страна во јавниот дискурс, но секогаш мора да ги исполнуваат професионалните стандарди на Колегиум.мк засновано на факти. Овие стандарди вклучуваат, но не се ограничени на, чесно претставување на спротивставените ставови, аналитичка дедукција и употреба на точни информации.
Некои колумни од надворешни соработници можат да го претставаат единствено гледиштето на авторот. Ова е дозволено додека Колегиу,,мк и натаму бара коментари кои нудат поинакви гледишта.
За сите колумни, авторот мора да биде идентификуван со име и презиме и мора да се додаде одрекување од одговорност (disclaimer) во кое се наведува дека изразените ставови се на писателот и не ја претставуваат официјалната позиција на Колегиум.мк.
Коментарите никогаш не треба да поддржат одреден кандидат, партија или група на избори или на друг начин да унапредуваат лична агенда. Тие не смеат да вклучуваат поттикнување на насилство, говор на омраза, лични навреди или лажни информации. Кога една новинска организација сака да заземе конкретен став за некое прашање, таа го прави тоа преку јасно означен уреднички коментар (editorial).

9. Надворешни соработници
Членовите во здружението на граѓани и иновативни медиумски содржини Медиа Хаб, Скопје и редакцијата на Колегиум.мк треба да направат сѐ што е во нивна моќ за да осигураат дека надворешните соработници ги почитуваат овие стандарди.
Прекршувањето на овие етички норми може да доведе до раскинување на договорот со компанијата/здружението.

Жиро с-ка 200004347203111
Стопанска Банка АД Скопје
ЕДБ 4057026580184

mediahubmk@gmail.com Ул. Нерешка бр.25 Карпош Скопје, Република Северна Македонија

10. Пренос во живо и социјални мрежи
Новинарите на терен јасно ќе бидат идентификувани како новинари на Колегиум.мк, со цел говорниците на настанот да не бидат погрешно сфатени како дел од кадарот на медиумот.
Употреба на содржини од публиката (UGC)
Секоја авторска содржина од публиката што се презема мора да ги исполнува истите етички стандарди што Колегиум.мк ги применува за своите оригинални новинарски производи.
Кога Колегиум.мк презема содржини (UGC) од интернет, се преземаат сите разумни чекори за да се открие оригиналниот творец и да се обезбеди писмена дозвола за нивно реемитување на платформите на Колегиум.мк.

СКОПЈЕ

ПОТПИС ______________________